# TRANSIT COURIER




Go Further


Ford


Визионерски. Генијално. Впечатливо.
Секое возило го носи неговиот потпис.
Henry Ford




Прикажаното возило е Ford Transit Courier Trend во металик боја на каросеријата Iceberg (опција) со алуминиумски бандажи од 15 инчи (опција).



# Му ја дава на вашиот бизнис ефикасноста што ја заслужува.

Ефикасен, подвижен и лесен за возење, Ford Transit Courier ги комбинира малите емисии на $CO_2$ и трошоците за користење со извонредна економија на горивото. Со изборот меѓу наградуваниот бензински мотор 1.0 Ford EcoBoost и рафинираниот дизелаш 1.5 Duratorq TDCil, Transit Courier е привлечен предлог за вашиот бизнис.

Билансот на состојба не е единственото место каде Transit Courier ја покажува супериорноста. Неговата компактна димензија му овозможува со леснотија да ги совладува градските улици, додека исклучителниот простор за товар од 2,3 кубни метри и максималниот корисен товар од 663 kg (дизел модел со 75 КС) ви ја дава сигурноста да се справувате и со поголеми задачи.

## Дизел-мотор 1.5 Duratorq TDCi со 95 КС

**96** g/km** $CO_2$

**3,7** L/100 km**

INTERNATIONAL engine of the year awards 2016
Presented by engine technology international *magazine*
**Sub 1-litre**
**Ford 1.0 litre EcoBoost**



*Мерено во кубни метри во согласност со SAE J1100: Димензии на моторно возило.
**Бројки од тестовите на Ford (комбиниран циклус) со систем за автоматско палење-гасење и ограничувач на брзината фиксиран на 100 km/h.


TRANSIT
COURIER





# Сè што ви треба за да ја олесните вашата работа.

Во Transit Courier може многу да се смести – и тоа не само товар. Во кабината ќе најдете комфорни седишта, управувач што може целосно да се приспособува и предни прозорци со електричен погон*. Плус голем број обмислени одлики за да ви помогнат да го олесните работниот ден.

**Достапни одлики**

- MyFord Dock, е дизајниран за чување, поставување и полнење мобилни уреди, вклучувајќи паметни телефони и сателитски навигатори
- My Connection Radio, во овозможува да пуштате музика преку звучниците на автомобилот преку Bluetooth® или со користење на USB-кабел
- „Огромната централна“ конзола може да прими А4 документи и мали лаптопи
- Горна полица за складирање
- Ретровизорска камера што се активира со степен на пренос за движење наназад
- Фиока за складирање под седиште

*Опција за Ambiente, стандардно за сериите Trend и Sport Van.
**Забелешка** Знакот со зборот и логоата Bluetooth® се сопственост на Bluetooth SIG, Inc. и употребата на тие марки од страна на Ford Motor Company Limited и придружните компании е лиценцирана. Другите трговски марки и трговски имиња им припаѓаат на нивните сопственици.

# Голем простор, лесен пристап.

Со неговиот капацитет за транспорт од 2,3 кубни метри и корисен товар од 650 до 663 kg, Transit Courier речиси секоја работа ја прави лесна. Со поставена преграда во возилото, со лизгачката врата се отвора извонреден отвор од 453 mm (601 mm без преграда) што значи дека товарите може да се сместуваат со леснотија.



*Мерено во кубни метри во согласност со SAE J1100: Димензии на моторно возило.

# Паметно размислување.

За максимално искористување на големиот простор, стандардна е двојната асиметрична задна врата за товар со агол на отворање до 158 степени која овозможува неограничен пристап до одделот за товар. Страничното врзување помага подот за се држи чист и го олеснува чистењето по завршувањето на работата.






## Опции за прегради

Достапен е цел опсег на DIN- и ISO-прегради за целата висина, целата ширина, (застаклени и незастаклени), во зависност од стилот на каросеријата и серијата. За дополнителна разновидност, со седиштето на совозачот што се склопува и спушта се нуди и опционална мрежеста преграда што се склопува.





## Заштитна решетка за задниот прозорец

Решетката се фиксира од внатрешната страна на задните прозорци за поголема безбедност без попречување на погледот назад. (Дополнителна опрема и опција)

+Ставка опфатена со гаранција од снабдувач од трета страна, погледнете ја задната корица за детали.
*Капацитетот за влечење зависи од моторот и серијата на возилото, погледнете ја масата на возилото и спецификациите за оптоварување.
За асортиманот на производи со брендот на Ford – од облека до производи кои го одразуваат вашиот стил на живеење и модели на автомобили – посетете го www.fordlifestylecollection.com

# Полн со паметни идеи.

Должината на подот за товар на Transit Courier од 1.620 mm нуди изобилство простор за товар, кутии со алат и опрема, а мрежестата преграда што се склопува заедно со седиштето на совозачот што се склопува и спушта ви овозможуваат да пренесувате цевки или слични предмети со должина до 2.593 mm**. Системот за врзување поставен на страничните ѕидови (стандардно) обезбедува на подот да нема пречки, а LED-осветлувањето на одделот за товар (опција) помага при товарањето и истоварањето по стемнување.

**Продолжена должина достапна за комбиња.

**Попречни летви и шини за на покрив**

Цврстите попречни летви ви овозможуваат безбеден и лесен превоз на разни товари. Попречните летви што се заклучуваат (дополнителна опрема) се достапни само во комбинација со шини за на покрив (опција и дополнителна опрема).

**ClimAir®⁺ ветро-одбојници**

Ги намалуваат турбуленцијата и бучавата од ветерот, овозможувајќи попријатно возење со спуштени предни прозорци, дури и при слаб дожд. (Дополнителна опрема)

**Xvision (SCC)®⁺ Контрола за растојание при паркирање**

Звучен сигнал ви помага да го процените растојанието за паркирање напред. (Дополнителна опрема)



**Калници**

Калниците со приспособена форма помагаат да го одржите вашиот Ford Transit Courier чист со намалување на прскањето и камчињата од патот. Достапни како комплети за напред и назад. (Дополнителна опрема)

**Brink®⁺ куки за влечење**

Како дополнителна можност за транспорт и товарање, куката за влечење може да влече до 910 kg* во зависност од моторот. Куката за влечење може да се отстрани доколку не се користи. Достапна и како фиксна кука за влечење. (Дополнителна опрема)

# Transit Courier Kombi. Повеќе од превезувач на луѓе.

Треба да превезувате луѓе и товар? Тогаш не барајте понатаму од разновидниот Transit Courier Kombi. Со комфорно седење за до пет лица, лесно е да се превезе екипа со нивниот алат и опрема. Кога ќе стасате на местото, склопете ги рамно задните седишта и добивате пространо и способно комбе, подготвено за најтешката дневна работа. (Серијата не е достапна)





Пространата внатрешност на Transit Courier Kombi значи изобилство простор за до пет патници со торби и опрема. Кога задните седишта се склопени и превртени нанапред, добивате на располагање огромни 1,9 кубни метри простор за тешка работа.

***Мерено во кубни метри во согласност со SAE J1100: Димензии на моторно возило.**








# Комбе направено да трае.

Дизајниран и тестиран според најстрогите стандарди на Ford за тестирање и издржливост, Transit Courier испорачува сигурна цврстина на комбе во компактно пакување.

**Вклучени одлики**

- Ригорозната програма за тестирање на Ford, дизајнирана да симулира години на екстремно користење
- Цврста школка на каросеријата од челик со голема цврстина
- Безбедносни одлики кои вклучуваат воздушни перничиња за возачот (стандардно) и совозачот◆ (опција), електронска контрола на стабилноста (ESC), помош за тргнување на нагорнина, систем за контрола на влечната сила, контрола на стабилноста против превртување, електронска помош за сопирање, предупредување за итно сопирање и контрола на нишањето на приколката (стандардно)
- Интервал на сервисирање од 30.000 km/1 година за помали трошоци на одржување
- Склопот на заден браник од повеќе делови помага да се одржат ниски трошоците за поправки
- 12-годишна гаранција за перфорација

**Забелешка** Странични воздушни перничиња за градите на страната на возачот се опција за Van.

**◆Забелешка: На совозачкото седиште не смее да се става детско седиште свртено наназад кога возилото Ford е опремено со функционално воздушно перниче за совозачот.**

# Серија Transit Courier.




## Ambiente

**Главни одлики на надворешноста**

- Челични бандажи од 15 инчи
- Дневни светла
- Систем за полнење гориво без капаче Ford Easy-Fuel
- Централно заклучување со далечинска контрола

**Главни одлики на внатрешноста**

- Предни гумени патосници
- Лиена преграда
- Лајсни на праговите на задните врати
- Воздушно перниче за возачот
- Осветлување на одделот за багаж
- Осветлување на касетата



# Серија Transit Courier.




## Trend

**Одлики на надворешноста дополнителни на одликите за Ambiente**

- Предни светла за магла
- Загревани надворешни ретровизори со електричен погон во боја на каросеријата и надворешни рачки на вратите во боја на каросеријата
- Единечна странична врата за товарање

**Одлики на внатрешноста дополнителни на одликите за Ambiente**

- Пакет одлики Ice 14 вклучувајќи радио AM/FM, USB, Bluetooth, 2 радио звучници од ниска серија, помошна USB-единица (на приклученото радио) и телефон со Bluetooth за користење без раце
- Фиока за складирање под седиштето на совозачот
- Нагодлива потпора за половината и потпирач за раката на седиштето за возачот
- Горна полица за складирање
- Предни прозорци на електричен погон, со спуштање со еден допир од возачката страна
- Управувач обложен со кожа
- Патен компјутер
- Приклучок за електрично напојување од 12V во одделот за товар
- Рачна климатизација





# Sport

### Одлики на надворешноста дополнителни на одликите за Trend

- Црни алуминиумски бандажи од 16 инчи
- Преден и заден браник во боја на каросеријата
- Странични лиени облоги на каросеријата во боја на каросеријата
- Проширени странични лиени облоги на праговите
- Лента за нагласување на хаубата

### Одлики на внатрешноста дополнителни на одликите за Trend

- Управувач обложен со кожа со контрастни шевови
- Лице на седиштето Charcoal Black со дизајн Groove делумно со кожа Torino



# „Огромна централна“ конзола

Во внатрешноста, Transit Courier може да се пофали со многу пригодни места за складирање, вклучувајќи ја „огромната централна“ конзола, која може да прими документи со А4-формат и мали лаптопи. (Стандардно)






# Ford SYNC со AppLink*

Поврзувањето во автомобилот од следната генерација, Ford SYNC, ви овозможува да ракувате со најпопуланите телефони со Bluetooth®, USB-мемории и да ги контролирате апликациите на вашиот паметен телефон со извонредно едноставни говорни команди. Може дури и да ви ги чита текстуалните пораки на глас**. А, во случај на незгода, одликата Ford Emergency Assistance* може да ви помогне да се јавите во службите за итна помош. (Опција)

*Потребен е компатибилен мобилен телефон. Можете да разгледате листа апликации компатибилни со AppLink на регионалниот сајт на Ford или преку **App Catalog** на Ford достапен во продавниците за iOS и Android. Ford Emergency Assistance е иновативна одлика на SYNC којашто користи мобилен телефон поврзан на мобилна мрежа и спарен преку Bluetooth® за да им помогне на патниците да воспостават директен повик со локалниот центар за комуникација, по судир на возилото во кој е активирано воздушно перниче или е исклучена пумпата за гориво. Оваа одлика функционира во повеќе од 40 европски земји и региони.
**Одликата за испраќање текстуални пораки е достапна во одредени земји. За најнови информации погледнете го локалниот вебсајт на Ford.

# MyFord Dock

Поставен веднаш над таблата со инструменти, MyFord Dock е дизајниран да го држи вашиот паметен телефон, MP3-плеер или уред за навигација. Ја пушта вашата музика преку звучниците на автомобилот преку Bluetooth® или преку USB-кабел приклучен на My Connection Radio. Одделот со капак овозможува вашите уреди да се чуваат покриени и содржи USB-приклучок само за полнење.

**Забелешка** Знакот со зборот и логоата Bluetooth® се сопственост на Bluetooth SIG, Inc. и употребата на тие марки од страна на Ford Motor Company Limited и придружните компании е лиценцирана. Другите трговски марки и трговски имиња им припаѓаат на нивните сопственици.



# Темпомат со ограничувач на брзина што може да се нагодува

Темпоматот ви овозможува да го поставите темпото, додека ограничувачот на брзината што може да се нагодува, ви овозможува да ја поставите максималната брзина за да избегнете ненамерно надминување на ограничувањето на брзината. (Опција)





# Систем за полнење гориво без капаче Ford Easy-Fuel

Уникатниот штитник обезбедува никој да не наполни погрешно гориво по грешка. Плус, нема веќе валкани капачиња за допирање. (Стандардно)

# Фиока за складирање под седиште

Пригодната фиока за складирање под предното седиште е доволно голема да прими бележник А4, таблет или латоп. (Стандардно за Trend и Sport, опција за Ambient.)



# Безбедно и сигурно

Во целиот опсег на Ford Transit Courier, цела линија одлики ги користи најновите технологии за да ве заштити вас, вашите патници и товарот.

Воздушни перничиња за возачот (стандардно) и совозачот◆ (опција)
Воздушни перничиња за страничен удар за возачот и совозачот (опција)
Странични завесни воздушни перничиња и странични воздушни перничиња за градите (опција)
Воздушно перниче за заштита на колената (не е достапно)
Странично монтирани точки за врзување според DIN и ISO, за прицврстување на товарот (стандардно)
Ограничувач на брзина (опција)
Електронска контрола на стабилноста и придружните одлики (стандардно)
Централно заклучување со далечинска контрола (стандардно)
Имобилизатор на моторот (стандардно)

**◆Забелешка: На совозачкото седиште не смее да се става детско седиште свртено наназад кога возилото Ford е опремено со функционално воздушно перниче за совозачот.**

## Електронска контрола на стабилноста (ESC)

### Помош за тргнување на нагорнина

Конструирана привремено да спречи враќање назад по стрмнина кога го преместувате стапалото од педалот на сопирачката на педалот за гас. Работи со степените на пренос за напред и за назад, па е идеална за влечење и повлекување тешки товари. (Стандардно)

### Помош за итно сопирање

Дизајнирана да препознае ситуација на итно сопирање и да го зголеми притисокот во системот за сопирање за дополнителна моќност за сопирање. (Стандардно)

### Предупредување за итно сопирање

Предните и задните трепкачи автоматски почнуваат да трепкаат при нагло сопирање, навремено предупредувајќи ги другите возачи за опасност. (Стандардно)

### Контрола на силата на влечење

Ако се забележи пролизгување на тркало при мала брзина, овој систем може да распредели поголем вртежен момент на тркалото што е најмногу оптоварено. (Стандардно)

### Контрола на стабилноста против превртување

Дизајнирана да препознае потенцијално опасна ситуација при возење и да ја активира ESC за да ја врати стабилноста. (Стандардно)

### Контрола на нишањето на приколката

Кога системот ќе препознае дека влечената приколка почнува да се ниша, го намалува вртежниот момент на моторот и ги активира сопирачките за да ја намали брзината и да помогне да се одржи стабилноста. (Стандардно)







### Следење на притисокот во пневматиците

Ви овозможува да го следите притисокот во пневматиците додека возите. Системот ве предупредува ако детектира дека притисокот во пневматиците е премногу мал, на пример во случај на дупнување. (Опција)

# Ford EcoBoost. Меѓународен мотор на годината 2016 за категорија под 1 литар

Дијамантски цврстата облога на клипните прстени го намалува триењето; турбополначот, директното впрскување и променливото темпирање на вентилите ја зголемуваат ефикасноста. Резултатот се впечатливи перформанси од еден толку економичен бензински мотор. Добитникот на меѓународната награда Мотор на годината пет години по ред, 1-литарскиот Ford EcoBoost на Transit Courier развива моќност од 100 КС.

INTERNATIONAL engine of the year awards 2016
Presented by engine technology international *magazine*
**Sub 1-litre**
**Ford 1.0 litre EcoBoost**



# Извлечете го максимумот од вашиот нов Ford

Сакаме да ви помогнеме да го извлечете максимумот од вашиот нов Ford. А за да го направите тоа, треба да знаете колку е тој конструиран за безбедно превезување, како во поглед на корисниот товар, така и во поглед на зафатнината на товарот. Продавачот на комерцијални возила од Ford може да ви даде професионален совет за важните аспекти за спецификација и да ви помогне да го пронајдете вистинското комбе за вашиот буџет и деловните потреби.

**Новиот Ford Transit Courier е дизајниран да носи товар – многу товар.**
Изборот на ново комбе е важна одлука со многу фактори кои треба да се земат предвид. Додека некои од аспектите, како изборот на најсоодветна изведба, идентификување на предвидената примарна употреба и определување на големината на товарниот сандак се релативно едноставни, други, како што е пресметката на корисниот товар, се покомплексни.

**Товарен капацитет**
За да го пресметате корисниот товар, треба да знаете две работи: бруто масата на возилото (БМВ) и неговата маса на празно возило.

**Корисен товар = Бруто маса на возило** минус **Маса на празно возило**

**Бруто маса на возило (БМВ)**
БМВ е максималната дозволена маса на возилото кога е натоварено и подготвено за поаѓање – таа ги вклучува тежината на самото возило, додатоците, возачот и екипата (имајќи го предвид индустрискиот стандард за маса од 75 kg по човек), течностите, 90% полн резервоар за гориво (1 литар дизел = приближно 0,85 kg), опционалната и постпродажната опрема и товарот.

**Маса на празно возило**
Маса на празно возило е масата на стандардно опремено возило од Base серијата, вклучувајќи течности и 90% полн резервоар за гориво, но без возач, екипа или товар.

**Бруто маса на композиција (БМК)**
Бруто маса на композицијата е вкупната дозволена маса на возилото со сè, заедно со приколката и нејзиниот товар.

**Возачот и екипата**
Ја пресметуваме масата на возачот и екипата врз основа на индустрискиот стандард за маса од 75 kg по човек. Имајте предвид дека возачот и екипата не се вклучени во вредноста за маса на празно возило, па така кога возачот или екипата ќе се качат во возилото неговиот корисен товар соодветно се намалува.

**Фабрички вградени опции**
Повеќето фабрички вградени опции ќе влијаат на корисниот товар на возилото. На пример, клима-уредот може да додаде приближно 13 kg на масата на возилото и со тоа да го намали корисниот товар.

**Серија**
Сите маси на празно возило наведени во оваа брошура се однесуваат на моделите од серијата Base со стандардна спецификација, со задна лифт-врата и без резервно тркало. Моделите од серијата Trend општо имаат поголема маса од серијата Base поради зголеменото ниво на одлики и опрема.

**Производни толеранции**
Разликите во постапките на изработката и производството значат дека не постојат две возила кои имаат потполно иста маса.

**Дополнителна опрема и постпродажни конверзии**
Битно е внимателно да размислите за тоа што ќе правите со вашето возило по испораката. Било каква поставена опрема или постпродажни конверзии на возилото можат негативно да влијаат врз корисниот товар. За повеќе информации и совет, разговарајте со продавачот на комерцијални возила од Ford.

Доколку корисниот товар е од суштинско значење за вашиот бизнис или доколку планирате да превезувате товар со или близу до максималниот капацитет на возилото, продавачот на комерцијални возила од Ford може да ви помогне. Специјалистите со нивната експертиза и знаење можат да ве советуваат во врска со точните спецификации на возилото потребни да ги задоволат вашите индивидуални деловни потреби.

Забелешка: Техничките информации за составувачите на каросерија можат да се најдат преку Прирачникот за монтирање каросерија и опрема на www.etis.ford.com одете на >information >>vehicle conversions.

**Конфигурирајте го вашето комбе да одговара за вашата работа**
Комерцијалните возила на Ford се достапни со широк опсег стандардни и опционални одлики. Продавачот на комерцијални возила од Ford може да ви помогне да се осигурите дека ги специфицирате вистинските одлики на возилото за вашите конкретни деловни потреби, вклучувајќи ги техничките ставки за помош при постпродажното поставување на специјализирана опрема или конверзија.

# Маси и оптоварувања

| | Европски стандард | Бруто корисен товар[ø] | Бруто маса на возилото (kg) | Маса на празно возило (kg)◆ | Маса на предната оска на празно возило | Маса на задната оска на празно возило (kg) | Преносен однос на оска | Макс. БМК (kg) со наведен преносен однос на оска | Емисии на $CO_2$ (g/km)[øø] | Потрошувачка на гориво во L/100km[øø] Градска | Вонградска | Комбинирана |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Transit Courier Van** | | | | | | | | | | | | |
| 1.0 Ford EcoBoost (100 КС (75 kW)) (без автоматско палење-гасење) | Euro VI | 650 | 1765 | 1115 | 689 | 426 | 4,06 | 2675 | 120 | 6,7 | 4,6 | 5,3 |
| 1.0 Ford EcoBoost (100 КС (75 kW)) (со автоматско палење-гасење) | Euro VI | 650 | 1765 | 1115 | 689 | 426 | 4.06 | 2675 | 115 | 6,1 | 4,6 | 5,1 |
| 1.5 Duratorq TDCi (75 КС (56 kW)) (без автоматско палење-гасење) | Euro V | 663 | 1795 | 1132 | 702 | 430 | 3,37 | 2295 | 108 | 4,7 | 3,7 | 4,1 |
| 1.5 Duratorq TDCi (75 КС (56 kW)) (со автоматско палење-гасење) | Euro V | 663 | 1795 | 1132 | 702 | 430 | 3,37 | 2295 | 103 | 4,4 | 3,6 | 3,9 |
| 1.5 Duratorq TDCi (75 КС (56 kW)) (без автоматско палење-гасење) | Euro VI | 663 | 1795 | 1132 | 702 | 430 | 3,37 | 2295 | 104 | 4,7 | 3,6 | 4,0 |
| 1.5 Duratorq TDCi (75 КС (56 kW)) (со автоматско палење-гасење) | Euro VI | 663 | 1795 | 1132 | 702 | 430 | 3,37 | 2295 | 99 | 4,4 | 3,5 | 3,8 |
| 1.5 Duratorq TDCi (95 КС (71 kW)) (без автоматско палење-гасење) | Euro VI | 661 | 1795 | 1134 | 704 | 430 | 3,37 | 2295 | 104 | 4,7 | 3,6 | 4,0 |
| 1.5 Duratorq TDCi (95 КС (71 kW)) (со автоматско палење-гасење) | Euro VI | 661 | 1795 | 1134 | 704 | 430 | 3,37 | 2295 | 99 | 4,4 | 3,5 | 3,8 |
| 1.5 Duratorq TDCi (95 КС (71 kW)) (со автоматско палење-гасење и постојан ограничувач на брзината за 100 km/h) | Euro VI | 661 | 1795 | 1134 | 704 | 430 | 3,37 | 2295 | 96 | 4,4 | 3,4 | 3,7 |
| 1,6 Duratorq TDCi (95 КС (71 kW)) (без автоматско палење-гасење) | Euro V | 661 | 1795 | 1134 | 704 | 430 | 3,37 | 2295 | 105 | 4,7 | 3,6 | 4,0 |
| 1,6 Duratorq TDCi (95 КС (71 kW)) (со автоматско палење-гасење) | Euro V | 661 | 1795 | 1134 | 704 | 430 | 3,38 | 2295 | 100 | 4,4 | 3,5 | 3,8 |
| 1,6 Duratorq TDCi (95 КС (71 kW)) (со автоматско палење-гасење и постојан фиксен ограничувач на брзината за 100 km/h) | Euro V | 661 | 1795 | 1134 | 704 | 430 | 3,39 | 2295 | 97 | 4,4 | 3,4 | 3,7 |

[ø]Корисен товар = Бруто маса на возило намалена за масата на празно возило. Сите наведени маси на празно возило во оваа брошура зависат од производните толеранции и се однесуваат на моделите Base со минимална опрема, задна петта врата и без резервно тркало. Моделите Trend, поради поголемото количество стандардна опрема, имаат поголеми маси на празно возило и затоа помал корисен товар. Сите дополнително специфицирани опции на возилото соодветно го намалуваат корисниот товар. ◆Претставува најмалата маса на празно возило заедно со целосно наполнети течности и 90% гориво, но без возач, екипаж, товар или опции.
[øø]Декларираната потрошувачка на гориво и емисиите на $CO_2$ се мерени според техничките барања и спецификации од европската директива 80/1268/EEC или европската регулатива (EC) 715/2007 изменета и дополнета со (EC) 692/2008. Потрошувачката на гориво и емисиите на $CO_2$ специфицирани за типот на возилото, а не за поединечно возило. Применетата стандардна постапка за тестирање овозможува споредување меѓу разни типови возила и различни производители. Оваа информација не е дел од која било понуда на производот. Вистинската потрошувачка на гориво може да се разликува, бидејќи на ефикасноста во искористувањето на горивото на возилото влијае (поединечната) конфигурација, однесувањето при возење, користењето на техничка опрема, како што е климатизацијата, како и други нетехнички фактори.

# Достапност на моделите

| | Ambiente Van | Trend Van | Sport Van |
|---|---|---|---|
| **Ford Transit Courier** | | | |
| 1.0 Ford EcoBoost (100 КС (75 kW)) Euro VI | ● | ● | – |
| 1.0 Ford EcoBoost (100 КС (75 kW)) Euro VI (со автоматско палење-гасење) | ○ | ○ | – |
| 1,5 Duratorq TDCi (75 КС (56 kW)) Euro V | ● | ● | – |
| 1.5 Duratorq TDCi (75 КС (56 kW)) Euro V (со автоматско палење-гасење) | ○ | ○ | – |
| 1,5 Duratorq TDCi (75 КС (56 kW)) Euro VI | ● | ● | – |
| 1.5 Duratorq TDCi (75 КС (56 kW)) Euro VI (со автоматско палење-гасење) | ○ | ○ | – |
| 1,5 Duratorq TDCi (95 КС (71 kW)) Euro VI | ● | ● | ● |
| 1.5 Duratorq TDCi (95 КС (71 kW)) Euro VI (со автоматско палење-гасење) | ○ | ○ | ○ |
| 1,6 Duratorq TDCi (95 КС (71 kW)) Euro V | ● | ● | – |
| 1,6 Duratorq TDCi (95 КС (71 kW)) Euro V (со автоматско палење-гасење) | ○ | ○ | – |

● = Стандардно, ○ = Опција, со доплата.
**Забелешка** сите мотори се опремени со стандарден филтер со испарувач за дизел честички (vDPF). Сите мотори се достапни со опционално автоматско палење-гасење/

# Тестиран до крајности

Од прототипите покриени со мраз кои стартуваа на -40ºC на 4.500 метри надморска височина, до возилата печени на сонце кои влечеа целосно натоварени приколки на долги нагорнини на жештина од 50ºC, Transit беше присилуван на крајности.



# Податоци за моторот

| | | Максимална моќност[Ø] | Максимален вртежен момент[Ø] |
|---|---|---|---|
| 1.0 Ford EcoBoost (100 КС (75 kW)) | 3 цилиндри во линија, SOHC, 12 вентили, глава на цилиндарот од алуминиумска легура, директно впрскување под висок притисок, систем за впрскување гориво common rail со повеќе точки, тупбополнач со интеркулер | 100 КС | 170 Nm |
| 1.5 Duratorq TDCi (75 КС (56 kW)) | 4 цилиндри во линија, SOHC, 8 вентили, алуминиумски блок на моторот со „open deck“, директно впрскување преку соленоидни инјектори, систем за впрскување гориво common rail од трета генерација, турбополнач со фиксна геометрија, електронска EGR | 75 КС | 190 Nm |
| 1.5 Duratorq TDCi (95 КС (71 kW)) | 4 цилиндри во линија, SOHC, 8 вентили, глава на цилиндарот од алуминиумска легура, директно впрскување под висок притисок, систем за впрскување гориво common rail со повеќе точки, тупбополнач со интеркулер, електронска EGR | 95 КС | 215 Nm |
| 1,6 Duratorq TDCi (95 КС (71 kW)) | 4 цилиндри во линија, SOHC, 8 вентили, глава на цилиндарот од алуминиумска легура, директно впрскување под висок притисок, систем за впрскување гориво common rail со повеќе точки, тупбополнач со интеркулер, електронска EGR | 95 КС | 215 Nm |

[Ø]Тестирано во согласност со ISO 1585. **Забелешка** сите дизел-мотори се опремени со стандарден филтер со испарувач за дизел честички (vDPF).

# Димензии

| | | Transit Courier |
|---|---|---|
| **A** | Вкупна должина | 4157 |
| **B** | Вкупна ширина без ретровизори | 1764 |
| **B** | Вкупна ширина со ретровизори | 2112 |
| **C** | Вкупна висина (без товар, без шини на покривот) | 1770 |
| **D** | Преден препуст | 819 |
| **E** | Меѓуоскино растојание | 2489 |
| **F** | Заден препуст | 849 |
| **G** | Ширина на влезот на страничната врата (со/без преграда) | 453/601 |
| **H** | Ширина на отворот на задната врата под појасот | 1104 |
| **I** | Ширина на просторот за товар меѓу сводовите на тркалата | 1012 |
| **J** | Висина на отворот на задната врата | 1100 |
| **K** | Ширина на просторот за товар | 1488 |
| **L** | Висина на отворот на лизгачката врата | 1044 |
| **M** | Висина на просторот за товар од под до покрив | 1244 |
| **N** | Должина на просторот за товар (на подот зад преградата) | 1620 |
| **O** | Должина на просторот за товар (зад преградата, натоварен до линијата на појасот) | 1358 |
| **O** | Должина на просторот за товар (со подвижна мрежеста преграда, со склопени седишта за патниците) | 2593 |
| **P** | Висина на товарање (без товар) | 564 |
| **Q** | Растојание меѓу предните тркала | 1494 |
| **R** | Растојание меѓу задните тркала | 1482 |
| **S** | Растојание до подлогата | 179 |
| **T** | Зафатнина за товарот Van ($m^3$) (VDA/SAE) (кубни метри) | 1,9/2,3 |
| **T** | Зафатнина за товарот Van ($m^3$) со флексибилна преграда (VDA/SAE) (кубни метри) | 2,4/2,6 |
| Дополнителни информации Внатрешност – Напред | | |
| Ефективен простор за главата | | 1152 |
| Максимален ефективен простор за нозете | | 1066 |
| Простор за рамената | | 1384 |
| Простор за коловите | | 1321 |
| Круг на вртење (m) | | |
| Тротоар до тротоар | | 10,5 |
| Ѕид до ѕид | | 10,9 |

Сите димензии (дадени во mm) зависат од производните толеранции и се однесуваат на моделите со минимални спецификации и не вклучуваат дополнителна опрема. Овие слики се дадени само како илустрација. Димензиите може да се разликуваат, во зависност од моделот и монтираната опрема.

## Van



4.157 mm (вкупна должина)



2.112 mm (ширина со ретровизорите)

1.770 mm (висина без шини на покривот)



# Бои и облоги

Изберете боја и облога што мислите дека најдобро го одразува брендот на вашиот бизнис.



**1. Ambiente**

Лице на седиштето: Netdot во Soft Charcoal.
Странични перничиња на седиштето: Max во Charcoal Black.



**2. Trend**

Лице на седиштето: Babylon во Charcoal Black.
Странични перничиња на седиштето: Light Commercial Twill во Charcoal Black.



**3. Sport**

Лице на седиштето: Дизајн Groove со делумна кожа Torino во Charcoal Black.
Странични перничиња на седиштето: Light Commercial Twill во Charcoal Black.



**Blazer Blue**
Акрилна боја на каросеријата



**Frozen White**
Акрилна боја на каросеријата



**Race Red**
Акрилна боја на каросеријата

*Металик боите на каросеријата се опции со доплата.
**Забелешка** Коирстените слики се само за илустрација на боите на каросеријата и може да не ги одразуваат тековните спецификации. Боите и облогите прикажани во брошурата може да се разликуваат од вистинските поради ограничувањата на користените печатарски техники.

# 12-годишна гаранција за перфорација

Новиот Transit Courier ја должи издржливата внатрешност на темелниот процес на боење од повеќе фази. Од челичните делови на каросеријата инјектирани со восок до издржливиот горен слој, новите материјали и процеси за нанесување гарантираат дека ќе го задржи својот добар изглед долги години.



**Moondust Silver**
Металик боја на каросеријата*



**Tectonic Silver**
Металик боја на каросеријата*



**Shadow Black (Absolute Black)**
Металик боја на каросеријата*



**Magnetic**
Металик боја на каросеријата*



**Deep Impact Blue**
Металик боја на каросеријата*



**Iceberg**
Металик боја на каросеријата*
(достапна само за серијата Trend)

**Слој од цинк** **Фосфатен слој** **Галванизиран слој** **Горен слој** **Безбоен слој**






MY 2017.25 EDM mk

**Илустрации, описи и карактеристики.** Брошурата беше точна во времето на печатењето. Меѓутоа, Ford има политика на постојан развој на производите. Правото за менување на карактеристиките, боите и цените на моделите и ставките илустрирани и опишани во ова издание во кое било време е задржано. За најновите детали, секогаш посоветувајте се со својот продавач на Ford. **Опционална опрема.** Во цело ова издание, каде и да има некоја карактеристика опишана како „опција“ или „опционална опрема/пакет“, треба да претпоставите дека е со доплата на основното возило, освен ако изрично не е наведено спротивното. Сите модели и комбинации на бои зависат од достапноста. **Забелешка.** Некои слики претставени тука се модели од пред-производство и/или се компјутерски направени, затоа конструкцијата/одликите на конечните верзии на возилото може да се разликуваат во разни погледи. Освен тоа, некои од одликите прикажани на возилата може да се опционални. **Забелешка.** Брошурата содржи оригинална опрема на Ford, како и асортиман производи од нашите снабдувачи. ✚Идентификуваните додатоци се внимателно избрана опрема од други снабдувачи со нивни марки што не спаѓаат под гаранцијата Ford, но се покриени со гаранцијата на самиот производител, за којашто може да се известите кај својот продавач на Ford. **Забелешка.** Зборот-марката Bluetooth® и логоата се сопственост на Bluetooth SIG, Inc. и употребата на тие марки од страна на Ford Motor Company Limited е лиценцирана. Зборот и логоата iPod се сопственост на Apple Inc. Другите трговски марки и трговски имиња им припаѓаат на нивните сопственици. **Забелешка.** Некои функции за помош на возачот и за безбедност опишани во брошурава се конструирани да функционираат со помош на сензори чии работни ефекти може да се помали во одредени климатски и услови на околината.

Ова меѓународно издание на брошурата е само за општо информирање, опишаните спецификации не се релевантни за кој било посебен пазар. Можно е во илустрациите или текстот да се дадени упатувања кон модели, одлики или услови што не се достапни на некои територии, било како стандардна опрема или опција. Освен тоа, може да не се наведени некои специјални функции што се достапни. Затоа, секогаш посоветувајте се со нашиот продавач на Ford за најновите детали на спецификациите и тековните цени.

Кога ќе ја прочитате брошурава, ве молиме да ја рециклирате.

INTERNATIONAL engine of the year awards 2016
Presented by engine technology international *magazine*

**Sub 1-litre**

**Ford 1.0 litre EcoBoost**

Издавач: Ford Motor Company Limited,
Brentwood, Essex, England.
Регистрирана во Англија, бр. 235446.
BJN 205342. FoE Y59R.
0817/ EDM mk
Јуни 2017 година.
© Ford Motor Company Limited.

**www.ford.mk**